Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Секој граѓанин има право да биде информиран, да знае како функционираат јавните институции на локално и на централно ниво. Да знае како се трошат јавните пари, кои се неговите права и како може да ги користи. Користете го вашето право на пристап до информации од јавен карактер!

**Јавните информации се јавни, а не тајни.**
**Вие имате право да бидете информирани.**

# Имате право да знаете!

## КОЈА ИНФОРМАЦИЈА Е ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР?

Јавна е секоја информација што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

## КОЈ ИМА ПРАВО НА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР?

Секое домашно или странско физичко и правно лице.

## ДАЛИ БАРАТЕЛИТЕ МОРА ДА ОБРАЗЛОЖАТ ЗОШТО ИМ ТРЕБА ИНФОРМАЦИЈАТА?

***Не***. Никој не смее од вас да побара да го образложите вашето барање за пристап до информациите.

## КОЈ Е ОБВРЗАН ДА ОБЕЗБЕДИ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ?

Согласно Законот, иматели на информации се:

- *Државните органи и други органи и организации утврдени со закон, општините, Град Скопје и општините во градот Скопје како и судовите;*
- *Установите, јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица што извршуваат јавни овластувања утврдени со закон и активности од јавен интерес (училишта, болници, театри, културни центри, спортски здруженија итн.);*
- *Политичките партии во однос на нивните приходи и расходи.*

Кој е имател на информацијата може да проверите на веб страната на Агенцијата: ЛИСТА НА ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (www.aspi.mk)

## КАКО ДА ПОБАРАТЕ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ?

- *Барањето за пристап до информации од јавен карактер, до имателот на информациите може да го поднесете:*
- *Усно,*
- *Во пишана форма, или*
- *Електронски (на mail или преку е-порталот за баратели кој може да го најдете на Веб страната на Агенцијата: www.aspi.mk.*

Посетете го, регистирјате се и доставете електронско барање за пристап до информации до сите иматели на информации. Доколку не сте задоволни од одговорот, жалба до Агенцијата може да доставите електронски.

Образец на Барањето за слободен пристап до информации може да најдете на Веб страната на Агенцијата. Образецот не е задолжителен, но може да ви помогне. Доколку не го користите образецот, во вашето барање наведете дека се работи за Барање за пристап до информации од јавен карактер.

## ДАЛИ ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА Е ОБВРЗАНА ДА ИМ ПОМАГА НА БАРАТЕЛИТЕ?

***Да.*** Службеното лице за посредување со информации има обврска да му помогне на барателот.

## КОГА ДА ОЧЕКУВАТЕ ОДГОВОР НА БАРАЊЕТО?

Одговорот треба да го добиете веднаш, но не подоцна од законски утврдениот рок од 20 дена. Во случај на усно барање, информацијата треба да ја добиете веднаш, но не подоцна од 5 дена од барањето. Во исклучителни случаи, на барањето би можело да се одговори во подолг рок, но не повеќе од 30 дена.

Рокот може да биде продолжен во случај:

1. кога информацијата е од поголем обем;
2. кога се обезбедува делумен пристап.

## ВО КОЈА ФОРМА МОЖЕ ДА ВИ БИДЕ ДАДЕНА ИНФОРМАЦИЈАТА?

Пристап до бараната информација може да добиете на повеќе начини:

- На самото место може да извршите *увид* во информацијата што ја барате,
- Да добиете *фотокопија*, *препис* или
- Да ви биде доставена *по пошта* или *електронски* во вашето електронско поштенско сандаче.

Барателот има право да ја избере формата на пристап наведувајќи ја во барањето.

## ШТО ДА СЕ ОЧЕКУВА ОТКАКО ЌЕ ГО ПОДНЕСЕТЕ ПИШАНОТО БАРАЊЕ?

Имателот на информацијата може:

- Да ја обезбеди бараната информација (целосно или делумно) со донесување на образложено решение;
- Да го препрати барањето на друг имател на информации;
- Да одбие пристап до информацијата со образложено решение.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ НАПРАВИ АКО ОДГОВОРОТ НЕ Е ЗАДОВОЛИТЕЛЕН?

Ако не добиете одговор во законски пропишаниот рок или ако не сте задоволни со одговорот, имате право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.
Образецот на жалбата може да се најде на веб страната на Агенцијата.

## ШТО ТРЕБА ДА СОДРЖИ ЖАЛБАТА?

Во жалбата, треба да наведете:

1. назив на имателот на информацијата кој донел или пропуштил да донесе решение и;
2. причините поради кои не сте задоволни со решението или не донесувањето на истото.

Во прилог го доставувате барањето кое што сте го поднеле и решението што го побивате, доколку е донесено. Жалбата своерачно потпишана од барателот/жалител ја поднесувате во писмена форма до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации односно информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението кое што се побива или по истекот на 20 - тиот ден во случај на пропуштање на донесување на решение.

Користете го Вашето право на слободен пристап до информации од јавен карактер!

Посетете ја веб страната на Агенцијата

**www.aspi.mk**